

# Commonwealth Respite & Carelink Centre / CarerLinks North Програма за поддршка на постари семејства и планирање

## Програмата за поддршка на постари семејства и планирање работи со родители/негуватели постари од 60 години, кои дома се грижат за лице со доживотна попреченост (ATSI негуватели - 45 години или постари)

### The Commonwealth Respite & Carelink Centre/ CarerLinks North е:

- Под покровителство на Merri Community Health Services (порано Moreland Community Health Service)
- Работи во северното градско подрачје од 1997 година и е базиран во Престон
- Покрива седум подрачја на локална управа: Даребин, Бањуле, Ниламбик, Витлси, Јара, Морленд и Хјум

### Програмата за поддршка на постари семејства и планирање

Е финансирана од викторискaта и федералната влада

Програмата има за цел:

- Да биде централна точка за пристап до информации, поддршка и починка (respite) за постари семејства
- Да ја зголеми свеста во заедницата за потребите на постарите негуватели и за лицата за кои тие се грижат
- Да утврди каква поддршка им е потребна на постарите негуватели и да промовира начини за нивно подготвување во заедницата

### Услуги на располагање на негувателите

#### 1. Тим за информации и реагирање

Услугите што ги дава тимот за информации и реагирање вклучуваат:

- Информации за можности за починка (respite) на негуватели, вклучувајќи итна починка (emergency respite)
- Телефонска процена врз основа на утврдени потреби на негувателот
- Флексибилно финансирање на починка и други релевантни услуги
- Емоционална поддршка на негуватели
- Координирање на упати за релевантни услуги

#### 2. Работници за поддршка на негувателите

Работниците за поддршка на негувателите можат:

- Да им помогнат на негувателите да стапат во врска со служби за починка и рекреација
- Да пружат емоционална поддршка лице в лице
- Да пружат 24-часовен пристап кон итна починка
- Да ги поврзат негувателите со соодветни служби
- Да соработуваат со негуватели на планирањето на краткорочни и долгорочни потреби

Merri Community Health Services

Објавено во септември 2010
За повеќе информации или ако ви треба состанок, јавете се на Merri Community Health Services.
www.mchs.org.au

## Процес на упатување

Ве молиме стапете во контакт со тимот за информирање и реагирање по телефон или по е-пошта.

Даватели на услуги треба да пополнат SCTT формулар, вклучувајќи го 'Part B' на негувателскиот формулар за упатување (Carer referral form).

## Како да стапите во контакт со Commonwealth Respite and Carelink Centre/CarerLinks North

Вие може да стапите во контакт со службата по телефон, факс или е-пошта:

Телефон: 1800 052 222 или (03) 9495 2500

Факс: 9495 2599

По работно време: 1800 052 222

Е-пошта: clnintakeworkers@mchs.org.au

Интернет страница: www.mchs.org.au

## Работно време:

Понеделник до петок од 9.00 наутро до 5.00 попладне

Исто така е на располагање служба за реагирање по работно време.

Merri Community Health Services

Објавено во септември 2010
За повеќе информации или ако ви треба состанок, јавете се на Merri Community Health Services.

www.mchs.org.au